**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ПЕДЕСЕТ И ПЕТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 7.3.2025 година

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**
**З А П И С Н И К**

**Од Педесет и петтата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 7.3.2025 година**

Седницата започна во 14:40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **м-р Сашо Кукески**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Педесет и четврттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Педесет и четврттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **26 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **м-р Сашо Кукески**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следниот предлог за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-1531/2 од 7.3.2025 година, се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**3.** Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена В2.8 - детска градинка, на дел од КП 1014 и дел од КП 1015/1 КО Сингелиќ 2, Градска четврт С 21, Блок 06, Општина Гази Баба - Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "3"** беше усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "3" е составен дел на предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **26 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на Анекс 6 на договорот за јавно приватно партнерство, за изградба на спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар" Хиподром 2;
2. Предлог - Одлука за донесување на Програма за изградба на типска училишна спортска сала Б 6.3, на КП 458/1 и 459 КО Гази Баба (ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, населба Железара), Општина Гази Баба; и
3. Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена В2.8 - детска градинка, на дел од КП 1014 и дел од КП 1015/1 КО Сингелиќ 2, Градска четврт С 21, Блок 06, Општина Гази Баба - Скопје.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на Анекс 6 на договорот за јавно приватно партнерство, за изградба на спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар" Хиподром 2.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше претставникот од општинската администрација - Александар Јанакиески.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Анекс 6 на договорот за јавно приватно партнерство, за изградба на спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар" Хиподром 2, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Програма за изградба на типска училишна спортска сала Б 6.3, на КП 458/1 и 459 КО Гази Баба (ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, населба Железара), Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Програма за изградба на типска училишна спортска сала Б 6.3, на КП 458/1 и 459 КО Гази Баба (ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје, населба Железара), Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена В2.8 - детска градинка, на дел од КП 1014 и дел од КП 1015/1 КО Сингелиќ 2, Градска четврт С 21, Блок 06, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Сафет Адеми (ДУИ).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена В2.8 - детска градинка, на дел од КП 1014 и дел од КП 1015/1 КО Сингелиќ 2, Градска четврт С 21, Блок 06, Општина Гази Баба - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - м-р Сашо Кукески ја заклучи Педесет и петтата седница на советот на Општина Гази Баба, во **14:55** часот.

**Број 09-1565/2**
**од 13 март 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот